# Еден Ден со Царот



## Восхитувачка Авантура

Водич низ Библијата

Замисли си: еден ден се враќаш од училиште, го отвораш поштенското сандаче, и внатре, што да видиш - писмо за тебе од кралицата на Англија!

Всушност, тоа е покана за вечера во Бакингемската палата во чест на роденденот на кралицата. Каква покана!

Најверојатно ќе имаш многу прашања за тоа како треба да се однесуваш таму и што треба да облечеш, затоа што ќе сакаш да изгледаш најдобро што може и да се однесуваш најсоодветно кога одиш во посета на една толку почитувана личност.

Денот конечно пристигнува, срцето ти бие од возбуда - стоиш пред големата Бакингемска палата! Се качуваш по широките мермерни скали кои водат до една огромна дрвена порта. На двете страни од вратата стојат стражари во став „мирно“, облечени во униформи со сјајни токи и копчиња. Еден од стражарите те прашува како се викаш и ти му ја подаваш твојата покана. Тој погледнува во поканата, а потоа ја отвора големата врата... потоа, друг стражар те поведува по долгиот коридор кон кралските одаи. Стомакот ти е полн со пеперутки!

Над твојата глава се протега висок плафон, покриен со прекрасни слики. Богатство и убавина - дрвени резби, златни декорации и бесценети уметнички дела, насекаде околу тебе! Но, твоите мисли се преокупирани со личноста што треба да ја видиш. Се прашуваш како ли ќе изгледа да стоиш во нејзино присуство и да зборуваш со една толку важна личност? Конечно, пристигнуваш до кралската соба... еден висок стражар ја отвора вратата и те воведува внатре!

# Кралска покана за Бакингемската палата



Знаеше ли дека Библијата кажува дека сите сме поканети да поминеме еден посебен ден со Царот? Не зборуваме за кралицата на Англија ниту за претседателот на некоја држава, туку за Царот над царевите, Владетелот на целиот универзум! Да, навистина... Бог те поканува да поминеш еден посебен ден со него. Дали би ти се допаднало тоа?

Оваа прекрасна покана не важи само за неколку минути или само еднаш во животот, туку за цел ден и тоа секоја седмица! Замисли си, најзначајната личност во вселената сака да мине цел еден ден со тебе. Па, не може да биде подобро од тоа!

*Да почнеме уште една восхитувачка авантура низ Библијата за да откриеме повеќе за оваа прекрасна покана.*

| Недела | Понеделник | Вторник | Ср |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |

На почетокот, ајде да се помолиме Бог да нè учи и да ни помогне да го разбереме неговиот Збор.

Би можел да се помолиш вака:

*„Драги Боже, ти благодарам за тој посебен ден кој сакаш да го минеш со мене. Помогни ми да дознаам повеќе за тоа во твојот Збор, денес. Во Исусово име те молам. Амин.“*






## Кој ден Исус, Царот на универзумот, сака да го помине со мене?

ОДГОВОР: ***„Помни го денот саботен, за да го празнуваш... Господ го благослови седмиот ден и го освети“*** **(2. Мојсеева 20,8.11).** ***„Ако ја нарекуваш саботата радост“*** **(Исаија 58,13).**

Библијата кажува дека Бог ни ја дал _______________ како посебен ден кој треба да го поминеме со него. Тој ја издвоил како свето, благословено (радосно) и убаво време за нас и него.




На 25-ти јуни 2006-та година, кралицата Елизабета Втора, во чест на својот 80-ти роденден, покани 2000 деца во Бакингемската палата.



| ЕДА | Четврток | Петок | Сабота |
| --- | --- | --- | --- |
| | 5 | 6 | 7 |

## Кој ден е Сабота?

Одговор: *„А седмиот ден е сабота Господова“* (2. Мојсеева 20,10). *„А кога мина саботата... многу рано, во првиот ден на седмицата, дојдоа на гробот кога изгреваше сонцето“* (Марко 16,1.2).

Кај нас е вообичаено на календарите како седми ден да е одбележан денот недела, но можеби ќе се изненадиш кога ќе дознаеш дека во календарите на некои земји сѐ уште е застапен библискиот редослед на деновите во седмицата.

Библијата вели дека саботата е седмиот ден во седмицата. Кој ден по ред, тогаш, е неделата? Одговорот ќе го добиеш ако погледнеш во твојата Библија и откриеш во кој ден дошле жените на Исусовиот гроб!

Првиот ден во седмицата е

_ _ _ _ _ _ _!

Можеби некој ќе ти рече дека саботата како седми ден е само за Евреите. Но, запрашај се и заокружи го точниот одговор на следово прашање:

**Кои народи постоеле на Земјата кога Бог ја издвоил саботата како посебен ден и ја посветил како ден за одмор?**

Македонци, Евреи, Персијанци,
Египќани, немало народи,
Американци, Келти, Саксонци.




**Одговор:** немало народи (Адам и Ева биле штотуку создадени).

Ова е листа на седум работи кои Библијата ни вели да ги запаметиме. Прочитај ја првата реченица, потоа покриј ја со лист хартија и кажи ја напамет, вклучувајќи го поглавјето и стихот. Кога ќе го научиш, пређи на втората реченица и направи го истото. Кога ќе ги поминеш сите седум, покриј ја целата листа и види дали можеш да ги запаметиш сите. Тогаш обој ги тие што си ги запаметил.



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Помни | го | денот | саботен. | 2. Мојсеева 20,8 |
| 2. | Потсетувај се | на сите | Божји | заповеди. | 4. Мојсеева 15,39 |
| 3. | Спомни си | за она | што ти | направи Амалик. | 5. Мојсеева 25,17 |
| 4. | Спомни си | за | древните | денови. | 5. Мојсеева 32,7 |
| 5. | Спомнете си | за | чудесата | што ги направи [Бог] | Псалм 105,5 |
| 6. | спомнувај си | за | својот | Создател. | Проповедник 12,1 |
| 7. | Помни | го | Исуса | Христа. | 2. Тимотеја 2,8 |

### Брзи факти





Вавилонските висечки градини биле едно од седумте светски чуда на стариот свет. Тие биле изградени 600 години пред Исус да се роди, а ги изградил Навуходоносор за да ѝ угоди на својата сопруга на која ѝ недостасувале големите дрвја и миристните растенија од нејзината родна земја. Атрактивните градини биле сместени на планина од тераси, која била изградена покрај бреговите на реката Еуфрат.



## 3 Од каде потекнува саботата? Колку долго таа е посебен ден за средба со нашиот Цар?

Одговор: *„Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата… на седмиот ден Бог ги заврши своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите свои дела, што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети“ (1. Мојсеева 1,1; 2,2.3).*

**Ауу!** Саботата датира од самиот почеток на нашиот свет.

Во првиот ден од создавањето Бог ја создал светлината; во вториот ден Тој ја создал атмосферата; во третиот ден Бог ги создал морето, земјата и вегетацијата. Во четвртиот ден Бог го создал Сонцето, Месечината и ѕвездите;



Зар не би било возбудливо да живееш во прекрасен парк во кој има стотици различни егзотични животни, прекрасни растенија и живописно цвеќе? Едемската градина била таква... и поубава! Таа била како џиновска зоолошка градина за домашни миленичиња, а сите слатки плодови кои виселе од огромните дрвја можеле слободно да се јадат!



Саботата била првиот целосен ден во животот на Адам и Ева. Додека шетале со Исус покрај реките, тие најверојатно го истражувале својот дом - едемската градина, пробувале различни плодови и си играле со животните. Бог сигурно им ги покажувал некои од најубавите места во рајот. Колку прекрасен ден мора да била таа прва сабота!

во петтиот ден Тој ги создал рибите и птиците;

во шестиот ден Бог ги создал копнените животни и Адам и Ева.

А тогаш, во седмиот ден, Бог се одморил, заедно со Адам и Ева. Тој го благословил седмиот ден како спомен на своето дело на создавање и како посебен ден издвоен да го поминува со нас.



# 4 Дали Бог сака секој да го слави во сабота? Што велат Десетте заповеди?

ОДГОВОР: *„Саботата е дадена за човекот“ (Марко 2,27). „Помни го саботниот ден, за да го осветуваш. Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти. Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сè што е во нив, а на седмиот ден се одмори. Затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден“ (2. Мојсеева 20,8–11).*

*„А туѓинските синови, кои се определија за Господа за да му служат... кои ја почитуваат саботата... [нив] ќе ги развеселам во мојот Молитвен дом“ (Исаија 56,6.7).*



Десетте заповеди кажуваат дека саботата е __________ ден и дека не треба да ________ во сабота.

Библијата исто така кажува дека саботата е заповед за секој _____ што значи, за сите луѓе во целиот свет.

Бог ги напишал Десетте заповеди на камен со својот сопствен прст за да знаеме дека тие треба да траат засекогаш. Тој исто така ја започнал оваа заповед со зборовите ________________!

Тоа е како кога мајка ти ти кажува да ја напишеш домашната задача или да го нахраниш твоето домашно милениче, нели? Тоа значи дека таа веќе ти го кажала тоа претходно, но мисли дека би можел да з____________.

Бог знаел дека ќе ни биде потребно потсетување! И бил во право! Многу луѓе заборавиле кој е денот во кој треба да го славиме Бога в црква и да го сметаме за свет.



*Саботата е заповед за СИТЕ луѓе по целиот свет!*

## Брзи факти

Некои стари записи биле напишани на кора од дрво, на животинска кожа, глинени плочки, ткаенина, папирус, па дури и на листови од метал. Но, најтрајниот материјал за пишување бил каменот. Откриени се записи во камен кои биле напишани пред илјадници години! Можно ли е тоа да е причината зошто Бог ги запишал Десетте заповеди на камен? Да... бидејќи Тој имал намера тие да траат засекогаш.

# Зошто толку многу луѓе го слават Бога и одат в црква во недела? Дали Десетте заповеди биле променети?

Одговор: *„Нејзините свештеници не го почитуваат мојот Закон и ги обесветуваат моите светини… Ги занемарија моите саботи“ (Езекил 22,26).* Исус рекол: *„Зошто и вие ја престапувате Божјата заповед, заради вашето предание?“ (Матеј 15,3).*

*„Полесно е небото и земјата да поминат, отколку да пропадне една цртичка од Законот“ (Лука 16,17).* Бог вели: *„Нема да го нарушам мојот Завет и не ќе го одречам моето ветување“ (Псалм 89,34).*

Постојат неколку причини зошто луѓето празнуваат погрешен ден наместо саботата. Некои пастори и свештеници не ја кажуваат вистината за саботата бидејќи ги кријат своите ______ од Божјиот закон. Исус рекол дека други ги прекршуваат Божјите заповеди за да следат човечки _______________.

Дали знаеше дека Бог го изговорил Законот на планината Синај, пред да го запише на камен со својот прст? Тој вели дека е полесно светот да помине, отколку кој било дел од Законот да се промени. Сигурно Бог не ги сменил Десетте заповеди, нели?

## Брзи факти

Илјадници години најголемиот дел од светот верувал дека Сонцето се врти околу Земјата. За жал, на неколкумината храбри астрономи, како Никола Коперник, им се потсмевале кога ја објавувале вистината дека Земјата, всушност, се врти околу Сонцето.



**Погледни ја листата подолу, за да ги формираш зборовите кои се појавуваат на оваа и на следната страница. Вториот дел на зборот избери го од десната колона.**

| | |
|---|---|
| 1. Трад _ _ _ _ *(нешто што луѓето го држат поради обичај)* | мени |
| 2. Пи _ _ _ _ _ *(Божји збор)* | агога |
| 3. Син _ _ _ _ _ *(еврејски храм)* | крет |
| 4. Незна _ _ _ _ _ *(неевреи)* | иции |
| 5. Про _ _ _ _ *(да смени)* | веди |
| 6. Доктр _ _ _ *(учења, верувања од Божјиот збор)* | смата |
| 7. Де _ _ _ _ *(закон издаден од царот за да се справи со моменталната ситуација)* | гани |
| 8. Запо _ _ _ _ *(Божјиот свет закон)* | бошци |
| 9. Па _ _ _ _ *(нехристијани кои обожавале идоли)* | вечки |
| 10. Чо _ _ _ _ _ *(направени од луѓето)* | ини |

## 6 Дали Исус ја празнувал саботата?

Одговор: ***„Влезе во саботен ден во синагогата*** [црквата]***, според својот обичај, и стана да чита“ (Лука 4,16).***

Евреите секогаш го празнувале седмиот ден на седмицата, сабота. Секој _________ ден, Исус одеше во синагога да чита и да поучува од Библијата. Всушност, Исус рече дека Тој е ***„Господар и на саботата“***, бидејќи, во почетокот, Тој ја создаде саботата (Марко 2,28).

Христијанин е оној кој го сака и го следи Исус, нели? Ние знаеме дека Исус ги држел Десетте заповеди, вклучувајќи ја и саботата! И, се разбира, Тој сака и ние да го правиме истото. ***„Ќе останете во мојата љубов, ако ги запазите моите заповеди, како што и јас ги запазив заповедите на мојот Татко и останувам во неговата љубов“ (Јован 15,10).***

По создавањето на светот за шест дена, Бог се одморил во седмиот ден (1. Мојсеева 2,1-3). Кога човек ќе се роди, тој ден станува негов роденден. Така, кога Бог се одморил во седмиот ден, тој ден станал Негов ден за одмор - или Шабат. Затоа, седмиот ден секогаш мора да биде Божји ден за одмор - сабота, нели? Искрено, можеш ли денот во кој си роден да го промениш во друг ден? Не! А не можеш ни да го промениш Божјиот ден за одмор во друг ден, во кој Бог не се одморил.

**Брзи Факти**

## 7 Дали треба да ја празнуваме неделата поради тоа што Исус воскреснал во тој ден? Дали апостолите ја празнувале неделата?

Одговор: ***„И по својот обичај Павле влезе при нив и, три саботи редум, расправаше со нив од Писмото“ (Дела 17,2). „А секоја сабота*** [Павле] ***расправаше во синагогата и ги убедуваше Јудејците и Грците“ (Дела 18,4). „А кога излегуваа, ги молеа да им ги проповедаат овие зборови и во идната сабота... А во идната сабота се собра скоро целиот град да го чуе Божјото слово“ (Дела 13,42.44).***

Дури и по повеќе години од Исусовото воскресение и вознесение назад на небото, Библијата вели дека апостолите сè уште оделе на богослужение во црква во сабота. И Евреите и незнабошците кои сакале да го чујат Павле како проповеда, знаеле дека ќе го најдат во црква во сабота. Не постои заповед во Библијата која кажува дека треба да празнуваме друг ден во седмицата, освен седмиот ден, сабота.



Група момчиња си играа со топка. На половина од играта, едно момче по име Јован почна да додава поени за својот тим. Кога другите приговорија, Јован им рече дека неговиот тим сега игра поинаку, тие ги промениле правилата! Одеднаш, целата група зовре во голема врева! Зошто? Бидејќи правилата се смениле среде играта, без сите да знаат за тоа. Бог не прави така! Тој стои на својот збор, и никогаш не го менува својот закон.

**Исправи ги погрешно напишаните зборови за да добиеш една важна изјава!**

**Ине ен аваобожме чеков укту Бога, а ај вамежупока шнтааа воуљб нко Него ос рњежде ан Неговите едпозиав.**

___ __ _________ _____ ____
**Бога,** _ __ __________ ______
_____ ___ **Него** __ ______
__ **Неговите** ________.

# Ако Бог не ја заменил саботата со недела, тогаш како се случило тоа?

Одговор: ***„Тој... ќе помислува да ги измени времињата и Законот“ (Даниел 7,25). „Но напразно ми се поклонуваат, учејќи науки, што се човечки заповеди“ (Матеј 15,9).***

Сатаната, змејот, постојано војува против Бога. Тој се обидува да ги придобие луѓето да ги слушаат неговите идеи, наместо Божјиот збор, Библијата. Ѓаволот се обидел да ги ___________ Божјите времиња и закони.

Пред стотици години, луѓето кои ги мразеле Евреите одлучиле да го сменат Божјиот свет ден за одмор од сабота во недела, денот во кој Римјаните го обожавале сонцето. Бог не ја направил таа промена, но Тој знаел дека тоа ќе биде направено од страна на луѓето. Тој знае сѐ. Затоа рекол: ***„ПОМНИ го саботниот ден“ (2. Мојсеева 20,8).***

Кога верските водачи го префрлиле денот за славење на Бога, денот за богослужба, од седмиот на првиот ден, многу од паганите, кои биле идолопоклоници, ѝ се приклучиле на црквата. Тие веќе биле навикнати да го слават првиот ден на седмицата, неделата.

Иако, како резултат на оваа промена, црквата бројно се зголемила, тоа не било на слава на Бога. Луѓето не требало да поучуваат човечки повелби со кои ќе го кршат Божјиот Свет закон. Денес, многу луѓе мислат дека Бог ја сменил прасаботата со недела, но Бог го одредил *седмиот* ден за Негова сабота. Само Бог може да направи некој ден да биде свет!

Библијата вели: ***„Ништу додавајте нешто на тоа што ви заповедам ништу одземајте нешто од тоа; вршете ги заповедите на Господа, на својот Бог, што ви ги давам“ (5. Мојсеева 4,2).*** Бог им забранил на луѓето да го менуваат неговиот Збор.

### Брзи Факти

**Во 360-та година по Христа, верските водачи се состанале за да издадат декрет во кој се наведува дека христијаните не треба веќе да бидат неактивни (да се одмораат) во сабота, туку да работат - и дека неделата треба да се смета за свет ден и да се празнува наместо саботата**
*(Лаодикејски концил 360 год.).*



Одговор: Ние не обожаваме човек туку Бога, а ја покажуваме нашата љубов кон Него со држење на Неговите заповеди.

# 9 Што ја прави саботата толку посебна, и за Бога и за нас?

Одговор: *„Господ го благослови и го освети саботниот ден“* (2. Мојсеева 20,11). *„Им ги дадов и своите саботи, како знак меѓу себе и нив, нека знаат дека Јас Сум Господ кој ги осветува“* (Езекил 20,12).

Да претоставиме дека има седум чаши на масата, од кои секоја претставува еден ден од седмицата. Сите се празни, освен една - седмата. Во неа има 20 милиони долари! Која чаша би ја избрал ти?

Во кој ден Бог ставил специјални благослови? ______________. Дали ќе го добиеш специјалниот Божји благослов ако го избереш првиот ден, кога знаеш што е правилно? Не! Што ако го избереш шестиот ден? Не. Не можеме некој ден да го направиме свет само затоа што ќе го празнуваме. Можеме да го сметаме за свет само денот кој Бог веќе го благословил.



Саботата е посебен Божји знак меѓу нас и него, дека Тој ќе нѐ посветува - ќе ги менува нашите животи и ќе нѐ направи слични на него, чисти и свети. Зар тоа не е супер?

Понекогаш, најдобрите пријатели ги врежуваат своите иницијали на некое дрво или си разменуваат мали подароци како знак на нивното ветување дека ќе бидат засекогаш најдобри пријатели. На истиот начин, саботата е знак меѓу нас и Бога дека сме негови посебни деца. Гледаш ли колку е значајна саботата? Бог вели: ***„Ако ме љубите, ќе ги пазите моите заповеди“* (Јован 14,15).**

Ако го љубиме Бога и го сакаме Исус како наш најдобар пријател, ќе сакаме да бидеме со него во седмиот ден и ќе сакаме да ја празнуваме саботата. Ќе ни биде задоволство да ги оставиме нашите секојдневни активности: училиштето, играта, купувањето и забавата - за некој друг ден. Ќе *сакаме* да го празнуваме овој специјален датум со Царот на универзумот. Ќе *сакаме* да бидеме на богослужение со други кои веруваат како нас.

Дотолку повеќе, на тој начин ќе се подготвуваме да живееме со него во вечноста.

**Кога не се одмараме во Исус, во искушение сме да грешиме - исто како кога некој не спие, тој почнува да прави грешки. Овие факти за спиењето, во табелата, се испомешани, како да ги пишувал некој кој не добил доволно зззззз (спиење). Можеби можеш да ги средиш поврзувајќи ги точните половини така што ќе ги обоиш со иста боја.**

| | |
|---|---|
| Човекот минува просечно… | …скоро 19 дена. |
| Секој… | …значи дека не сонуваш. |
| Ако ‘рчиш… | …половина од сонот е заборавен. |
| Бебињата никогаш не се сонуваат… | …сонува. |
| Страшните соништа се вообичаени кај… | …една од шест фатални сообраќајки. |
| Пет минути после сонувањето… | …себеси. |
| Најдолгото забележано време без спиење е… | …една третина од својот живот во спиење |
| Заморот е причина за… | …децата. |

**Одговор:** Погледни на последната страна од оваа лекција

# 10 Дали секогаш ќе ја празнуваме саботата, дури и по Исусовото доаѓање?

ОДГОВОР: *„Зашто, како што новата небеса и новата земја, што ќе ги создадам, ќе траат пред мене… така ќе ви траат името и потомството. Од нова месечина до нова месечина, од сабота до сабота, секое тело ќе доаѓа за да се поклони пред моето лице“ (Исаија 66,22.23).*



Додека младиот Бојан гледаше во златниот часовник на дедо му, неговата мајка го замоли да ги нахрани кравите. Тој го пикна сјајниот часовник в џеб и отиде во шталата. Кога ги заврши своите задолженија, не можеше да одолее а да не се фрли од таванот врз купот сено. Тоа беше мошне забавно!

Но, кога се врати во куќата, Бојан одеднаш сфати дека скапоцениот златен часовник на дедо му не беше веќе во џебот. Знаеше дека веројатно му испаднал кога скокна во планината од сено. Трескавично истрча назад во шталата и бараше, одново и одново - копајќи низ сеното за да ја најде најскапоцената сопственост на дедо му. Но, не можеше да ја најде.

Со скршено срце, Били клекна на колена и почна искрено да се моли. И тогаш, како што клечеше, слушна тивко „тик-так, тик-так“! Внимателно го следеше звукот, додека не го најде исчезнатото богатство!

Понекогаш ние сме толку зафатени со училиштето и игрите што заборавамe на Исус. Но, нашиот Цар издвоил еден посебен ден во кој ќе можеме да се одмориме и да го слушаме неговиот глас. Ако молкнеш за миг, веројатно ќе можеш да слушнеш како Тој му зборува на твоето срце, повикувајќи те да ја поминеш вечноста со него. Тоа можеш да го започнеш уште овде на Земјата, така што ќе ја минуваш секоја сабота со него.



# 11 Дали го сакаш Исус и дали сакаш да го празнуваш неговиот седми ден, сабота? _____




# Како можам да ја поминам саботата со Бога, како да ја празнувам?

1. Облечи се уредно и скромно за да го посетиш Небесниот Цар, токму како што би направил кога би одел во посета на некој земски цар.
2. Отиди в црква, во Божјиот дом, за да чуеш повеќе од неговиот Збор и да добиеш насоки за твојот живот.
3. Оди тивко и покажи длабока почит во куќата на Царот, исто како што би го сторил тоа во царска палата.
4. Направи попладневна прошетка во природа, како што правеле Адам и Ева - и запомни: Бог ја создал саботата за да уживаш во неа, бидејќи те љуби.
5. Прочитај некоја сторија од Библијата. Види што сака Бог да ти каже додека читаш.
6. Обиди се да ја споделиш Божјата љубов со некој кому му е потребно охрабрување: картичка, посета, цвеќе или едно телефонско јавување.



***Уживаше ли во оваа лекција?*** Се надеваме дека е така! Оди сега на **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

**1.** Напиши на секоја линија: „Т“ за точно и „Н“ за неточно.
**Посебниот ден кој Бог сака да го мине со нас, како празник, е:**

___ А) петок
___ Б) сабота
___ В) недела
___ Г) седмиот ден
___ Д) Божик

**2.** Напиши на секоја линија: „Т“ за точно и „Н“ за неточно.
**Првата сабота беше:**

___ А) потопот
___ Б) на крајот на создавањето
___ В) Исусовото воскресение
___ Г) на Синај

**3. Како знаеме дека Бог сака да го празнуваме седмиот ден? (4)**

○ а) Тој не го менува она што го рекол
○ б) Исус ја празнувал саботата
○ в) Тој го напишал тоа на небото со млазен авион
○ г) Бог го напишал тоа на камен, со својот прст, во Десетте заповеди
○ д) Тој го отпечатил тоа во весник
○ ѓ) Го посветил тој ден кога го создал светот

**4. Бог ја создал саботата да биде: (4)**

○ а) знак помеѓу нас и Бога
○ б) ден за безделничење
○ в) свет ден кој треба да го минеме со Бога
○ г) ден за Евреите што ние не треба да го празнуваме
○ д) ден во кој треба да се наспиеме и да работиме низ дома
○ ѓ) ден во кој ќе направиме пауза со нашата работа
○ е) ден во кој ќе уживаме во убавината на природата

**5. Промената од сабота во недела беше направена од страна на: (1)**

○ а) Исус
○ б) апостолите
○ в) луѓе со погрешни сфаќања
○ г) кит

**6. Исус воскреснал во: (1)**

○ а) сабота
○ б) недела

**7. Исусовите апостоли ја празнуваа: (1)**

○ а) саботата
○ б) неделата

**8. На Новата Земја, ќе го празнуваме: (1)**

○ а) Саботниот ден
○ б) Неделата



9. **Луѓето се обиделе да го променат Божјиот свет ден во: (1)**

а) сабота

б) недела

10. **Исус сака да ја празнуваме ____________, денот кој Тој го благословил. (1)**

а) сабота

б) недела

**Одговор:** (од страна 12)

Човекот минува просечно една третина од својот живот во спиење.
Секој сонува.
Ако 'рчиш, значи дека не сонуваш.
Бебињата никогаш не се сонуваат себеси.
Страшните соништа се вообичаени кај децата.
Пет минути после сонувањето половина од сонот е заборавен.
Најдолгото забележано време без спиење е скоро 19 дена.
Заморот е причина за една од шест фатални сообраќајки.

# Твои коментари:

11. **Кои нови работи ги откри во оваа лекција?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

12. **Дали веруваш дека седмиот ден е сабота, денот што Бог го благослови и сака да го поминуваме со него?** ______________

13. **Дали сакаш да го празнуваш на седмиот ден, сабота?** ______________

**Одговор:**

1. Посебниот ден кој Бог сака да го мине со нас, како празник, е:
   - **Н - а)** Петок
   - **Т - б)** сабота
   - **Н - в)** недела
   - **Т - г)** седмиот ден
   - **Н - д)** Божик
2. Првата сабота беше:
   - **Н - а)** потопот
   - **Т - б)** на крајот на создавањето
   - **Н - в)** Исусовото воскресение
   - **Н - г)** на Синај
3. Како знаеме дека Бог сака да го празнуваме седмиот ден?
   - **а)** Тој не го менува она што го рекол
   - **б)** Исус ја празнувал саботата
   - **г)** Бог го напишал тоа на камен, со својот прст, во Десетте Заповеди
   - **ѓ)** Го создал кога го создал светот и нас
4. Бог ја создал саботата да биде: :
   - **а)** знак помеѓу нас и Бога
   - **в)** свет ден кој треба да го минеме со Бога
   - **ѓ)** ден во кој ќе направиме пауза со нашата работа
   - **е)** ден во кој ќе уживаме во убавината на природата
5. Промената од сабота во недела беше направена од страна на:
   - **в)** заведени луѓе
6. Исус воскреснал во:
   - **б)** недела
7. Исусовите апостоли ја празнуваа:
   - **а)** саботата
8. На Новата Земја, кого празнуваме:
   - **а)** саботниот ден
9. Луѓето се обиделе да го променат Божјиот свет ден во:
   - **б)** недела
10. Исус сака да ја празнуваме __________, денот кој Тој го благословил..
    - **а)** саботата

Твоето име и презиме ______________________________

Твојата адреса ______________________________

Одобрение од родител / старател ______________ ______________

*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!